Васил С. Дрвошанов[1]
Институт за македонски јазик
„Крсте Мисирков", Скопје
Република Северна Македонија

УДК 811.163.3'28
https://doi.org/10.46630/ish.12.2026.07

ПРИЛОЗИТЕ НА МИЛИВОЈ ПАВЛОВИЌ ЗА МАКЕДОНСКИТЕ ДИЈАЛЕКТИ ОБЈАВУВАНИ ВО „СКОПСКИ ГЛАСНИК"

Познатиот српски лингвист и „доајен на нашата сербокроатистика" (П. Ивиќ, Миливој Павловиќ (Ниш, 1891–Белград, 1974)[2], во весникот *Скопски гласник*, што излегувал дванаесет години како „службен лист на општината на градот Скопје" во периодот од 1929 до 1941 година, објавил седум написи за македонските дијалекти. Врз основа на анализата на написите авторот констатира дека Павловиќ пишувал во духот на своето време. Притоа, тој забележува дека примерите што ги дал Павловиќ за фонетските промени во македонските дијалекти се автентични. Освен тоа, авторот нотира дека ставовите на Павловиќ се сосема издржани во врска со романското влијание во македонските дијалекти на морфолошко-синтаксички план.

Клучни зборови: македонски дијалекти, српскохрватски јазик, фонетски промени, романско влијание, морфолошко-синтаксичка структура.

Во весникот *Скопски гласник* што излегувал дванаесет години како „службени лист општине града Скопља" во периодот од 1929 до 1941 година Миливој Павловиќ[3] објавил седум написи, во кои разгледува оделни дијалектни прашања, поврзани со македонските говори: 1) „Проблеми језика и народне културе" (Павловић, 1937а), 2) „Како су изгледали наши дијалекти при досељавању на Балканско Полуострово" (Павловић, 1937б), 3) „Основна карактеристика српско-македонских дијалеката" (Павловић, 1937в), 4) „Епоха развитка нашега језика и формирање дијалеката у историској перспективи" (Павловић, 1937г), 5) „Страни утицаји и јављање нових особина у македонским говорима" (Павловић, 1937д), 6) „Да ли постоји само један ма-

[1] vasildrvoshanov@yahoo.com

[2] https://sr.wikipedia.org/wiki/ Milivoj_Pavloivić (Пристапено на: 19.08.2025.)

[3] Миливој Павловиќ (Ниш, 8.XII 1891–Белград, 19.I 1974) е познат српски лингвист и „доајен на нашата сербокроатистика" (П. Ивиќ). Студирал српски јазик и книжевност со славистика на Филозофскиот факултет во Белград. Во Франција студирал прво класични јазици и келтски јазик, а потоа споредбена граматика, француски јазик и книжевност. Докторирал во Париз во 1920 година на темата, под наслов „Le langage enfantin: acquisition du serbe et du français par un enfant serbe" https://sr.wikipedia.org/wiki/ Milivoj_Pavloivić (Пристапено на: 19.08.2025.)

кедонски дијалекат?“ (Павловиђ, 1937ѓ) и 7) „Диференцијалне и интегралне особине македонских дијалеката“ (Павловиђ, 1937е)[4].

Погледите на Миливој Павловиќ, изложени во разгледуваните написи, треба да се сфатат во контекст на времето, според тогашната современа состојба на славистиката и на науката за српскохрватскиот јазик. Павловиќ, сообразно на своето време, македонските дијалекти ги дели на т.н. вистински македонски или српскомакедонски говори, коишто во својата основа се српскохрватски, и на солунско јужномакедонски говори. Образложувајќи ја својата теза Павловиќ тврди дека македонските говори во основа се од српски тип, коишто претставувале целост со дијалектите на српскиот јазик пред доаѓањето на Балканскиот Полуостров и дека до времето на неговото проучување македонските говори ги зачувале своите битни карактеристики.

Македонската дијалектна територија Павловиќ ја дели на две целости, чија граница е линијата Кратово–Скопје–Тетово, така што на југ до споменатата граница се староштокавските дијалекти, а на север од споменатата линија се средноштокавските дијалекти: кратовскиот, кумановскиот, скопскоцрногорскиот и тетовскиот.

Повикувајќи се на Александар Белиќ, Павловиќ го споделува неговото мислење дека од словенската целост пред преселбата биле две нијанси: една – источна, од која се развиле дијалектите: црковностаросло̀венски (солунско-јужномакедонските) и бугарските, и друга – западна, којашто ги опфаќа словенечкиот јазик и сите српскохрватски дијалекти. Српскохрватската група ја сочинуваат: кајкавскиот (некогаш словенечки тип), чакавскиот и штокавскиот тип. Од штокавскиот тип, нотира Павловиќ, најархаични особености има „нашиот македонски дијалект, па поради тоа за него се употребува терминот староштокавски, којшто ги зачувал цртите што биле општи на останатата јазична територија до XIII век, а говорите што ја продолжиле својата еволуција се новоштокавската група“.

Миливој Павловиќ во разгледуваните написи ги анализира фонетските и морфолошко-синтаксичките промени во македонските дијалекти на дијахрониски план. Притоа, кај промените на фонетско рамниште од историјата на вокализмот се задржува на континуантите на /ъ/ и на /ь/, на /ǫ/ и на /ę/, на вокалните /ó/ и /ò/, а од историјата на консонантизмот ги опсервира рефлеските на меките прасловенски групи *t’–d’* и *kt’*, на групите *stj–zdj–skj–zgj*, на групите *čó-* и *čóě-*, а од морфолошко-синтаксичките промени ги разгледува губењето на падежните форми, употребата на членот, односно ширењето на употребата на постпозитивните заменки, искажувањето на идноста со помош на глаголот *ќу–ќе*, повторувањето на заменките што Павловиќ ги смета дека се под туѓо влијание.

[4] Весникот *Скопски гласник* се чува во Националната и универзитетска библиотека „Свети Климент Охридски” во Скопје под сигнатура РС IV 42/1937.

Во однос на полугласовоите, нотира Павловиќ, македонските дијалекти покажуваат архаичноист. Полугласовите во македонските дијалекти ја зачувале разликата со извршената вокализација, така што во коренот има – *сон*, *ден*, а во наставките – *петок*, *мозок*, *светец*, *старец*, *денеска*, *овен*, *петел* и сл. Вредностите *о* (*сон*) и *е* (*ден*) за полугласовите се архаични и се типични за староштокавскиот тип (брсјачки, мијачки) и се чување на фонетската еволуција условена од разликите во прасловенската епоха.

Чувањето на разликата на полугласовите во мијачкиот и во брсјачкиот тип не е само ознака на општословенскиот вид туку е ознака и на прастариот српски јазик и доказ дека тој процес на вокализација се вршел според општите фонетски закони, а тоа покажува дека во времето кога се вршел тој процес јужниот дел од нашиот јазик бил чист, неподложен на туѓи влијанија, т. е. со незначително мешање.

Во поглед на носовките Павловиќ забележува дека и во неговото време на крајниот југозапад, особено во говорот што е формиран како смеса од најархаичниот српски дијалект со примесите од архаичниот старословенски, јужномакедонски дијалект, има остатоци од назализмот: *ро*^{н}*ка*, *тро*^{м}*ба*, *пе*^{н}*т*, *че*^{н}*до*, а таа архаичност, нотира тој, се среќава во широко распространетото презиме *Прендиќи*, коешто, според новиот изговор гласи *Предиќи*, што произлегува од истиот збор: од постариот вид *пренда*, односно од новиот вид *преда* ‘таа која преде’, ‘предачка’.

Назалот од заден ред има повеќе вредности, така што *а* (*маж*) е брсјачка, *о* (*мож*) е мијачки фонетски архаизам, а назалот *ен* (*гренди*, *чендо*), нотира Павловиќ, како архаична црта е зачуван само во најархаичните говори, додека во другите говори има вредност *е*.

Во тој процес на деназализација, забележува Павловиќ, сите наши дијалекти, главно, старото назално *е* го замениле со обично *е* (*се*, руски *ся*; *ме*, руски *мя*; *име*, руски *имя*; *пет*, руски *пять*; *десет*, руски *десять* и др.). Деназализацијата на вокалот од заден ред, наведува авторот, дала позанимливи резултати. Имено, во говорот од мијачки тип има *о* (*рока*, *мока*, *мошки деца*), а во говорите од брсјачки тип има *а* (*рака*, *мака*, *машки деца*). Павловиќ забележува дека мијачкиот и брсјачкиот дијалектен тип не претставуваат еден дијалект туку дека се два дијалекта. Тој споменува дека говорите јужно од линијата Кратово–Скопје–Тетово се од мијачки и од брсјачки тип. Притоа, нагласува дека битна разлика меѓу нив е резултатот од деназализацијата.

Вредноста *ор* (*сорце*, *торн*) кај скопските Торбеши, место прасловенските групи *tъrt*, *tьrt* и *trъt*, *trьt*, според Павловиќ, е архаична трага. Вокалното *л* (*влк*), место прасловеснките групи *tъlt*, *tьlt* и *tlъt*, *tlьt*, исто така, е архаизам.

Павловиќ забележува дека од меките прасловенски групи *t’–d’* и *kt’* кај Јужните Словени има две вредности: *шт* (*св‹шта*, *ношть*, *штерка*) односно

жд (*межда*, *прежда*, *рожден*) во источната половина, којашто ги поврзува бугарските говори со црковнословенскиот јазик и со денешните говори во Јужна Македонија, главно, источно од Солун. На западната територија има тип *ќ–ѓ*, односно нивни нијанси (*свеќа*, *ноќ*, *svetia*, *sveča*; *меѓа*, *meja*).

Павловиќ смета дека гласовите *ќ–ѓ* не само што се општа црта, туку се и основна црта на македонските говори што некогаш постоеле дури и на територијата на Грција. Оваа црта, нотира тој, се развила органски во македонските говори на ист начин како што се развила и во другите српски штокавски дијалекти, па во извесна мера дури го зачувала најстариот вид на состојбата каква што била и каква што ја понеле Словените од општата, заедничка словенска татковина при преселбата и при доаѓањето на нашето прво племе во правец на Балканскиот Полуостров. Македонските говори Павловиќ ги смета за архаични и врз основа на овие основни црти не само што се српскохрватски туку, без сомнение се од српски тип. Павловиќ смета дека од српски тип се не само денешните македонски говори туку има докази дека српско племе биле и Епирските Словени.

Вредностите *ќ–ѓ* место прасловенските групи *tj–dj* и *kt'*, *шќ–жѓ*, односно *ш'ч'–ж'џ'* место групите *stj–zdj–skj–zgj*: *огњишќе*, *огњишче*, *пушќам–пушчам*, *можѓени*, *дожѓи* и др., според Павловиќ, се најархаичните црти на штокавскиот дијалект. Повикувајќи се на А. Белиќ авторот нотира дека вакви примери како најархаична црта на штокавскиот дијалект се среќаваат „во говорот на она племе кое отишло најдалеку на југ и таму било во контакт со старослосвенското племе (*свешќи*, покрај *огњишче* и сл.)“.

Според Павловиќ, гласовите *ќ–ѓ* се прастара особеност, така што македонските говори, нотира тој, се стари штокавски говори со најбитната српскоштокавска особеност, а со оглед на двете нијански на *ќ*, со таква архаична појава во разликата нема ниту еден дијалект ниту друг словенски јазик.

Павловиќ темелно ги разгледува гласовите *ќ* и *ѓ*, односно *ќ*ᵏ, *ѓ*ᵏ, *к'*, *г'*, нагласувајќи дека тие гласови не само што се општи особености на српскомакедонските говори туку се нивни органски, основни црти, така што тие говори што ги имаат тие особености, всушност, се српски. Авторот приведува примери од говорот на Торбешите, коишто, според него, се доселиле од југ во околината на Скопје пред 250 години, во чиј говор се чуваат две *ќ*: многу меко *к'* место некогашна група *tj* (*куќа*, *свеќа)*, и налик на *к* во оние зборови, каде што била групата *kt'* (*ноќ*ᵏ, *нок'*, *пóмоќ*ᵏ*ник*, *ќ*ᵏ*ѐрка*, *к'ѐрка*).

Во текот на своите излагања Павловиќ повеќепати истакнува дека вредностите *ќ–ѓ*, односно *ќ*ᵏ*–ѓ*ᵏ или *к'–г'* се најархаични општи црти на српските дијалекти. Покрај оваа појава Павловиќ со голема архаичност ги наведува и вредностите *цр–чр*, при што споменува дека вредноста *цр* (*црн*, *црква*, *црешња*) е основна и општа особеност на овие говори, а дека вредноста *чр–чер* (*черева*) се меша со *цр* (*црн*) во периферните говори.

Во врска со морфолошкигте и синтаксичките особености на македонските дијалекти како што се губењето на формите во деклинацијата, употре-

бата на членот, односно постпозитивната употреба на показните заменки, искажувањето на идноста со помош на глаголот *ќу–ќе*, повторувањето на заменките и на цртите што одат со нив, Павловиќ ги сметал како нетипични црти на македонските говори, застапувајќи се за тоа дека најсигурни лингвистички заклучоци можат да се донесат врз основа на фонетиката, затоа што фонетските закони не се менуваат брзо, мислење што го изнесувал и А. Белиќ.

Тој забележува дека во сите говори во Македонија, следствено, и во најархаичниот дијалект и во архаичниот дијалект на старословенскиот јазик деклинацијата е изгубена на специфичен начин, макар што во сите говори, особено во мијачкиот дијалект има многу остатоци од старите падежни форми (*ноќе*, *лете*, *зиме*, *јутре–утре*, дат. *мајке*, *татко(в)е*).

Губењето на деклинацијата во зголемена мера и со засилено темпо Павловиќ ја толкува како последица од надворешни влијанија на поранешниот јазичен супстрат на тој терен.

Во врска со членот во македонските говори Павловиќ го споделува мислењето со Фр. Миклошич и Ватрослаа Јагиќ, кои сметаат дека е развиен под романско влијание. Имено, во романските јазици, воопшто, е изгубена деклинацијата, а е развиена употребата на членот со таа карактеристика што во романските јазици на Балканскиот Полуостров членот се употребува постпозитивно, на крајот од имињата. Всушност, во македонските говори има потполно развиен систем на постпозиција, при што членските морфеми ги чуваат јасно нијансите на значењата што ги врзува за нивните поранешни заменски вредности: *ов–ва–во*, *о(т)–та–то*, *он–на–но*; *човек-ов–човек-о(т)–човек-он*, *жена-ва–жена-та–жена-на*, *дете-во–дете-то–дете-но*.

Врз основа на своите теренски испитувања на ароманските говори, Павловиќ констатира дека „целокупната синтакса со своите главни црти, а и извесни важни морфолошки појави, се пренесени од говорите од романски тип во нашите постари дијалекти, како и во дијалектите од старословенско-јужномакедонскиот тип“. Павловиќ нагласува дека романското влијание во македонските говори е важно и дека е извршено во два брана. Првиот бран на овие врски го опфаќа влијанието на посрбеното, односно на словенизираното старо романско населенеие, кое ја пренело својата јазична психологија, а вториот бран на овие врски потекнуваат од поновите ароманси доселеници при крајот на XVIII век меѓу нашите племиња Мијаци и Брсјаци со зајакнување на поранешното влијание и со типичното ново мешање на зборовите, а особено во фразеологијата, во пренесувањето на пословиците и на другите појави.

На тој начин Павловиќ ги објаснува појавите во македонските говори, условени од лингвистичката симбиоза и од меѓусебните поттикнувања во еволуцијата. Романското влијание, нотира авторот, било на многу поширока територија, но главните процеси се одвивале во македонските говори, во овие краишта што претставуваат жариште на многу дијалектни иновации во врска со преселбите.

Павловиќ го застапува мислењето дека приоритет за староста на македонските говори имаат фонетските карактеристики, а не морфолошко-синтаксичите црти, бидејќи новите црти не се органски особености на македонските дијалекти туку се резултат од романското влијание.

Павловиќ смета дека македонските говори се најархаични, истакнувајќи ги нивните карактеристики како органски и прасрпски. Тој и сите српски лингвисти македонските дијалекти до Втората светска војна ги третирале во рамките на српскохрватскиот дијалектен систем.

На крајот ќе го истакнеме фактот дека прилозите на Миливој Павловиќ за македонските дијалекти, објавувани во весникот *Скопски гласник* во четвртата деценија од XX век, сведочат за тогашната состојба на разгледуваните дијалектолошки прашања во македонски дијалекти. Самите резултати од неговите проучувања на македонските дијалекти го потврдуваат фактот дека тие се изделуваат во посебен македонски дијалектен систем (Видоески 1998–1999).

Литература

Видоески, 1998–1999: Б. Видоески, *Дијалектите на македонскиот јаик I–III*. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите.

Павловић, 1937а: М. Павловић, Проблеми језика и народне културе. Скопље: *Скопски гласник*, IX-483, 4-5.

Павловић, 1937б: М. Павловић, Како су изгледали наши дијалекти при досељавању на Балканско Полуострово. Скопље: *Скопски гласник*, IX-484, 4-5.

Павловић, 1937в: М. Павловић, Основна карактеристика српско-македонских дијалеката. Скопље: *Скопски гласник*, IX-485, 4-5.

Павловић, 1937г: М. Павловић, Епоха развитка нашега језика и формирање дијалеката у историској перспективи. Скопље: *Скопски гласник*, IX-486, 4-5.

Павловић, 1937д: М. Павловић, Страни утицаји и јављање нових особина у македонским говорима. Скопље: *Скопски гласник*, IX-487, 4-5.

Павловић, 1937ѓ: М. Павловић, Да ли постоји само један македонски дијалекат?. Скопље: *Скопски гласник*, IX-488, 4-5.

Павловић, 1937е: М. Павловић, Диференцијалне и интегралне особине македонских дијалеката. Скопље: *Скопски гласник*, IX-489, 4-5.

Vasil Drvošanov

MILIVOJ PAVLOVIC'S ARTICLES ON MACEDONIAN DIALECTS PUBLISHED IN "SKOPSKI GLASNIK"

Summary

The famous Serbian linguist and "doyen of our Serbo-Croatian studies" (P. Ivić), Milivoj Pavlović (Niš, 1891–Belgrade, 1974), published seven articles on Macedonian dialects in the newspaper *Skopski glasnik*, which was published for twelve years as the "official newspaper of the municipality of the city of Skopje" in the period from 1929 to 1941. Based on the analysis of the articles, the author concludes that Pavlovic wrote in the spirit of his time. In doing so, he notes that the examples Pavlović gave of phonetic changes in Macedonian dialects are authentic. Furthermore, the author notes that Pavlović's views are quite well-founded regarding the Romanian influence in Macedonian dialects on a morphological-syntactic level.

Keywords: Macedonian dialects, Serbo-Croatian language, phonetic changes, Romanian influence, morphological-syntactic structure.